РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 03-1356/1
21.11.2023 год.
ПЕХЧЕВО

**ЗАПИСНИК**

**ОД БУЏЕТСКИ ФОРУМ 2024**

**ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

**Датум:** 16.11.2023 година **Место:** Ресторан Тропик **Час:** 10:00

**Присутни граѓани:** Вкупно 58

Мажи: 24 Жени: 34

**Модератор** – Борис Шарковски **Ко-модератор** – Невенка Лангурова Гирова

**Форумската сесија ја имаше следнава агенда**

**10:00-10:15**
Добредојде на присутните и вовед во програмата

**10:15-10:30**
Воведно обраќање од Градоначалникот

**10:30-11:00**
Презентација на буџетскиот форумски процес
Утврдување структура на форумот/распределување по работни маси
Утврдување на начела за работа

**11:30-12:00**
Процес на буџетирање – претставник на Општина Пехчево
Структура на буџетот на општина Пехчево – претставник на општината Пехчево

**12:00-12:30**
Пауза

**12:30-12:45**
Преглед на реализацијата на буџетот за 2023 (заклучно со трет квартал)
Приоритетите за развој на општината за 2024 год.
Презентација од Општина Пехчево

**12:45-13:30**
Дискусија по работни маси за приоритетни проекти за 2024
Презентација

**13:30-14:00**
Следни чекори (одредување на термин за следна сесија)
Оценка на форумската сесија

На почетокот на форумската сесија се обрати Елица Јовевска вработена во општина Пехчево, која ги поздрави присутните, граѓаните на општина Пехчево, претставници на бизнис секторот, претставници од политичките партии, претставници од институциите, НВО секторот, советниците на општината, општинската администрација, Градоначалникот и им посака добредојде и успешна работа на форумската сесија за Општинскиот буџет за 2024 година. Елица им се заблагодари на граѓаните за присуството на сесијата, која овозможува нивно директно учество во процесот на донесувањето одлуки на локално ниво, транспарентно и отчетно работење на општинската администрација и зголемување на довербата во локалната самоуправа. Ги претстави модераторот Борис Шарковски и ко-модераторката Невенка Лангурова Гирова – консултанти од Фондација за развој на локалната заедница. Елица даде збор на Градоначалникот на општина Пехчево г-дин Александар Китански.

Градоначалникот ги поздрави присутните, им се заблагодари за присуството и ги поттикна да дадат повеќе идеи за нови проекти кои ќе бидат од големо значење за општината.

Модераторот Борис ги запозна граѓаните која е целта на форумската сесија, и тоа дека преку буџетскиот форум ќе добијат целосен увид во приходите и расходите на општината и со свои предлози ќе учествуваат во креирањето на општинскиот буџет за 2024 година во рамките на приоритетите за развој на општината за наредната година. Предложените и избрани приоритетни програми и проекти, локалната самоуправа треба да ги има во предвид при изработката на буџетските трошоци за наредната година. Им објасни како функционираат форумите, што треба да прават и ги распредели граѓаните по работни маси. Направени беа 7 работни маси: Образование, Општинска администрација, Култура, Млади, Здравство и социјална заштита, Животна средина, Маса советници и бизнис сектор.

Потоа Елица даде кратка презентација за реализираните проекти, проекти кои се во тек на реазлизација и аплицирани проекти.

Следеше кафе пауза.

По кафе паузата збор зема Никола Каракашов вработен во општината во ЛЕР, кој им објасни на присутните како оди постапката за подготвување на проектите, како се подготвува техничката документација, дека тоа е еден подолг временски процес кој мора да се помине за да дојде до реализација на еден проект.

На присутните им беше дадено време од 40 минути да размислат и на лист хартија да ги напишаат сите приоритети кои сметаат дека треба да се реализираат од страна на општината и да издвојат 5 ( пет ) од нив кои ги смтаат за најзначајни.

Потоа секоја работна маса ги презентираше своите предложени приоритети.

**ПРЕДЛОЖЕНИ ПРОЕКТИ**

**ОБРАЗОВАНИЕ**

1. Изолација на спортска сала и менување на подот во спортската сала
2. Реконструкција на фасадата на на ОУ.Робово
3. Набавка на дополнителни фотоволтаици на кровот на ОУ
4. Набавка на униформи за учениците
5. Размена на искуства и обуки на наставен кадар и ученици преку проекти
6. Иведба на лифт во централното училиште за лица со посебни потреби
7. Набавка на превозно средство за превоз на ученици и наставници за потребите на училиштето

1. Реконструкција на подот во ОСУ Ацо Русковски – дисперзирани во Пехчево,
2. Уредување на училишен двор во ОСУ во Пехчево

## ЗДРАВСТВО и СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

1. ИМП – Возила за транспорт на пациенти
2. Апарат за Мамографија
3. Офтомолошко ЕХО
4. Реконструкција на кров на ОЈУДГ – 7ми Септември
5. Проект – социјални услуги на стари и изнемоштени лица
6. Сензорно катче во дворот на градинката

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

1. Целосно уредување со покривање на градски пазар и изградба на WC-та
2. Тампонирање или асфалтирање на пат до филтер станицата
3. Поплочување со бекатон плочки на пешачки патеки –
   - ул.Илинденска - ул.Гоце Делчев (до Китански мост)
   - ул.Илинденска - Мирче Ацев – Гоце Делчев (Маркова улица) покрај црквата
4. Изградба на нови и реконструкција на постоечки детски игралишта во Пехчево и сите села ( поставување на меки подлоги и реквизити)
5. Реконструкција на урбана опрема и патека до водопади ( први)
6. Тампонирање на просторот над зграда (над Стопанска банка)
7. Изградба на надворешни WC во Едукативен центар во с.Негрево
8. Реконструкција на пат до туристичка населба Равна река
9. Поставување на автобуски постројки во селата и Шумско полициска станица во Пехчево
10. Уредување на речно корито и кејот на Пехчевска река до ул.Првомајска
11. Реконструкција на Управна зграда и помошни простории во ЈКП Комуналец Пехчево
12. Адаптација на зграда за Противпожарна станица

## МАСА СОВЕТНИЦИ И БИЗНИС СЕКТОР

1. Регулација на Пехчевска река со реновирање на кејот
2. Уредување на просторот пред стадионот и гробиштата
3. Реконструкција на патот Пехчево – Равна река
4. Современо осветлување на ул.Јулија Веселинска со изградба на тротоари
5. Расчистување на просторот јужно од црквата во Пехчево

## КУЛТУРА

1. Собирање на атмосферска вода околу дом на култура – дренажа
2. Затоплување на кино сала во дом на култура
3. Снабдување на носии на играорна група
4. Капела
5. Противпожарен дом на гаражи за противпожарни возила
6. Поставување на подлога од песок – тампон под лулашките на плоштадот
7. Канцеларии на црвен крст
8. Простории за донации на луѓе од ранливи категории
9. Проектор за домот на културата

**МЛАДИ**

1. Турнири и здружување со други културно уметнички друштва
2. Младински центар ( просторија за функционирање младински совет)
3. Реконструкција на парк Езерце и Адреналинска патека
4. Организирање на повеќе културно уметнички настани ( театри, престстави, драми кина и сл)
5. Формирање на локален младински совет
6. Изградба на градски базен
7. Изградба на кошаркарско игралиште
8. Отварање фитнес центар
9. Формирање на спортски клубови (фудбал, кошарка, ракомет и сл)

**ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**

1. Обележување на вертикална и хоризонтална сигнализација како во урбаните така и во руралните средини
2. Изготвување на проектна документација за реконструкција на патот Пехчево – Равна река
3. Изградба на атмосферска канализациона мрежа во Пехчево
4. Обезбедување на просторија – соба за згрижување на лица – жртви на семејно насилство
5. Реконструкција на школско игралиште во с.Панчарево
6. Реконструкција на домот во с.Чифлик

По презентирањето на предложените проекти, модераторот им се заблагодари на присутните за присуството и активноста и ги повика на втората форумска сесија на 7 -ми Декември, на која ќе ги изберат најбитните и најприоритетни проекти од предложените.

На крајот следуваше коктел.

Општина Пехчево

Записничар

Моника Шехтанска Миовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА ПЕХЧЕВО · ПЕХЧЕВО